ЈАВЕН ПОВИК
за пријавување на кандидати за полагање на испит за добивање на сертификат
за авто такси возачи

РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
- Г Р А Д О Н А Ч А Л Н И К -
Бр. 0901-2016
03.06.2025 год.

1. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

1.1. Предмет на јавниот повик е пријавување на кандидати за добивање на сертификат за авто такси возачи во општина Свети Николе.
1.2. Кандидатите за полагање на испит за добивање на сертификат за авто такси возач треба **претходно да завршат обука за авто такси возач и за истата да им се издаде потврда за завршена обука од правни лица** за вршење на обука овластени од Градоначалникот на општина Свети Николе ***ПРВАТА ОБУКА ЌЕ СЕ ОДРЖИ НА 9 ЈУНИ ВО 14.00 ВО СОУ КОЧО РАЦИН СВЕТИ НИКОЛЕ***

1.3. Трошоците за обука и за издавање на сертификатот за авто такси возач во општина Свети Николе се на терет на пријавените кандидати и вкупната сума за обука и едно полагање од страна на ***АМД УСЛУГИ ДООЕЛ ШТИП (со седиште на ул.Сутјеска бр.96 2000, Штип и ЕДБ: МК 4029008502199) изнесува 5,500,00 денари, а уплатата треба да се изврши на сметка: 210063641520139 Тутунска банка, со цел на дознака: Обука за такси возач***

2. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

2.1. Право на учество на јавниот повик имаат сите физички лица кои ги исполнуваат следниве услови :
- поседуваат **Потврда за завршена обука** (издадена од правно лице овластено од Градоначалникот на општина Свети Николе, за кое е издадено и Решение за давање на согласност за трошковник од Градоначалникот на општина Свети Николе).
- да поседуваат **возачка дозвола (Б категорија)**

3. НАЧИН И РОК НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВА И ДАТУМИ ЗА ПОЛАГАЊЕ

3.1. Лицата од точка 2 поднесуваат Пријава до Архивата на општина Свети Николе
3.2. Кон пријавата се доставува следнава документација:

◆ Потврда за завршена обука за авто такси возач во општина Свети Николе во оригинал,(издадена од правно лице овластено за вршење на обука од Градоначалникотна општина Свети Николе за кое правно лице е издадено Решение за добиена согласност за трошковник)
◆ копија од лична карта

◆ копија од возачка дозвола (Б категорија)

3.3. Датуми за одржување на испити
- Датуми во наредните 7 месеци на кои ќе се одржуваат испити за полагање за добивање на сертификат за авто такси возач се:
• Јуни 2025, на 11.06.2025
• Јули 2025, на 10.07.2025
• Август 2025, на 20.08.2025
• Септември 2025, на 30.09.2025
• Октомври 2025, на 29.10.2025
• Ноември 2025, на 27.11.2025
• Декември 2025,на10.12.2025
Времето за полагање на испитот секогаш е 14 часот, и испитот ќе се одржува во просториите на СОУ Кочо Рацин Свети Николе.

---

- Во случај на промена на датумот и времето на одржување на некој од горенаведените закажани термини за испит, комисијата најмалку два дена пред закажаниот испит ќе ги извести пријавените кандидати за утврдените измени со новиот термин за испит.
- Пред завршување на рокот од 7 месеци објавен во овој Јавен повик, Градоначалникот на општина Свети Николе ќе објави Јавен повик за наредните 6 месеци со утврдени датуми за полагање за добивање на сертификат за авто такси возач на општина Свети Николе

3.4. Рок за пријавување на кандидати за испит
- Рокот за пријавување на кандидатите за полагање на испит за добивање на сертификат за авто такси возачи е најдоцна два дена пред закажаниот термин на одржување на испит.

4. НАПОМЕНА
Сертификатот за авто такси возач е документ кој авто-такси возачот задолжително мора да го има во возилото.

Градоначалник на општина Свети Николе

Дејан Владев